Содржина на елементите на образец ПП30 и нивно пополнување при уплата на средствата од кредитна линија КОВИД1:

1. Во елементот "**цел на дознака**", кој е алфанумерички податок е содржан опис на намената и основата за плаќање заради кој што е воспоставен налог, односно се внесува на пр: **уплата на кредит по договор бр.ПКФ/ДИР/О/720**.

2. Елементот "**назив и седиште на примачот**", е алфанумерички податок кој го означува примачот на средствата. Го пополнува учесникот и во тоа поле се впишува називот и седиштето на правното лице на начин како што е заведен во Централниот регистар, односно: **Министерство за финансии-посебен кредитен фонд**.

3. Елементот "**Трансакциска сметка на примачот**", (број на трансакциска сметката на примачот) претставува податок од 15 нумерички знака кои го претставуваат бројот на трансакциската сметка на клиентот во чија полза се врши плаќањето, односно: **10000000006464**7.

4. Елементот "**банка на примачот**", е алфанумерички податок кој кој укажува на називот на банката каде се наоѓа сметката на налогодавачот, односно: **НБРСМ** .

5. Во елементот "**повикување на број**", (при одобрување) се впишува нумерички податок кој с е содржи во доставениот план за отплата, на пример: **0041016007372** .

6. Елементот **"шифра**" (на плаќањето), е нумерички податок сочинет од три нумерички знака кој го пополнува учесникот, согласно со основата за плаќање, наведена во Шифрите на плаќање кај единствените платни инструменти, на пример:**460**

7. Елементот "**начин**" (на плаќањето), е нумерички податок кој го заведува налогодавачот,и укажува дака подносителот бара да се изврши уплатата преку МИПС –се впишува **1**.

Во прилог Ви доставуваме пример за пополнет образец ПП30.

## ИНСТРУКЦИИ ЗА ПЛАЌАЊЕ –COVID 1

### 1. COVID 1-ПКФ (Посебен кредитен фонд)


НАЛОГ ЗА ПРЕНОС

ДАТУМ НА ВАЛУТА

НАЛОГОДАВАЧ | ПРИМАЧ

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ: АБВГД ДООЕЛ Скопје

СМЕТКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ:

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ:

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: уплата на рата по договор за кредит бр. ПКФ/ДИР/0/720

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ:

ПОТПИС:

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: Министерство за Финансии-Посебен кредитен фонд

СМЕТКА НА ПРИМАЧОТ: 100000000064647

БАНКА НА ПРИМАЧОТ: НБРСМ

ИЗНОС: МКД

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ: 0041016007372

ШИФРА:

НАЧИН: 1

ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ

МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ

Бројот на жиро сметката за уплата се зема од Договорот за кредит, стр.2, член 4

**Член 4**

Главницата кредитокорисникот се обврзува да ја отплати во рок од 2 (две) години со вклучен грејс период од 6 (шест) месеци сметано од денот на првото повлекување на средствата.

Кредитокорисникот врши отплата на кредитот согласно со амортизациониот план кој се изработува по исплата на одобрените средства и е составен дел на овој договор.

Отплатата на кредитот се врши во денари.

Кредитокорисникот главницата ќе ја отплаќа во тромесечни отплати и тоа на 31 јануари, 30 април, 31 јули и 31 октомври. Доколку првото доспевање на главницата е во рок помал од 1 (еден) месец од датумот на исплата на кредитот, отплата се префрла во првиот нареден квартал. Отплатата на кредитот кредитокорсиникот се обврзува да ја врши на сметката на Министерство за финансии- Посебен кредитен фонд бр на сметка 100000000064647, депонент НБРСМ.

Задолжително се наведува бројот на Договорот за кредит, и истиот се зема од стр.1 од договорот за кредит или од Планот за отплата

Задолжително се внесува број на кредитна партија од Планот за отплата

П Л А Н   Н А   О Т П Л А Т А

АБВГД ДООЕЛ Скопје

ИНТЕРНА ШИФРА:

Тип на отплата: фиксна рата

00-410-1600737.2

БРОЈ НА ОДЛУКА: KR2020/1335 | ДАТУМ НА ОДОБРУВАЊЕ:12.05.2020

ИЗНОС: 307,500.00 MKD

ПРОИЗВОД: ПКФ/ДИР/0 | ПЕРИОД ПОМЕЃУ ДВЕ РАТИ: 3 М

БРОЈ НА ДОГОВОР: ПКФ/ДИР/0/720 | РОК: 24м   ГРЕЈС: 6м